ПРАВИЛНИК
за организација на натпревар Гевгелиски Велотлон 2025

За натпреварот

Гевгелиски Велотлон е комбиниран натпревар на возење на велосипед по Off road патека, совладување на препреки (комбинација на пешадиски препреки и препреки за трим стаза) и трчање по ридска патека.

Натпреварот започнува со возење на велосипед по off road патека, се доаѓа до место каде се остава велосипедот, натпреварувачот продолжува и со кратко трчање доаѓа до препреки кои треба да ги совлада, по совладувањето на препреките продолжува повторно но со подолго трчање и по доаѓање на позиција каде го оставил велосипедот го зема велосипедот и продолжува со возење по off road патеката се до целта.

Правила за учество

Право на учество имаат натпреварувачи-полнолетни граѓани на Република Македонија од обата пола, но и натпреварувачи со навршени 14-18 години со согласност на родител/старател.

Учеството на натпреварот е на доброволна основа. Натпреварот по својот карактер содржи одреден степен на ризик од повреда, организаторот не сноси одговорност во случај на повреда на учесник на натпреварот. Секој учесник/натпреварувач е одговорен за својата безбедност за што со пријавата за натпреварот потпишува електронска Изјава.

Учесниците мора да ги почитуваат упатствата на организаторот, членовите на жири комисијата и контролорите на натпреварот.

Учесниците се согласни нивното име, глас, фотографија или видео материјал да биде употребено од страна на организаторот за рекламирање на радио, ТВ, Интернет, социјални мрежи и други комерцијални активности на организаторот.

Регистрацијата на Велотлонот станува важечка по извршената и евидентирана уплата на котизацијата;

Бројот на учесници на натпреварот се ограничува на 100 натпреварувачи.

Со регистрацијата за учество на Велотлонот учесниците се согласуваат со правилата за учество и одредбите од овој Правилник;

Информирање и пријавување за учество на натпреварот

Информирањето и пријавувањето за учество на натпреварот ќе се одвива преку објави на WEB страната на АМД Гевгелија amd@amdgevgelija.mk односно линкот https://amdgevgelija.mk/gevgeliski-velotlon-2025/ а дополнителни информации ќе се објавуваат и на фејсбук профилот amdgevgelija.

Пријавувањето за учество на натпреварот се врши со пополнување на On-line пријава а за помладите натпреварувачи во јуниорска категорија и согласност од родител или старател достапни на WEB страната на АМД Гевгелија amd@amdgevgelija.mk или линкот https://amdgevgelija.mk/gevgeliski-velotlon-2025/

Пријавување за учество на натпреварот ќе започне на 01.04.2025 а ќе заврши на 15.05.2025 година.

Категории

Учесниците се натпреваруваат во машка и женска конкуренција во следните категории:

-1-ва категорија за возрасна група од 14-18 години;
-2-ра категорија за возрасна група од 18-35 години;
-3-та категорија за возрасна група од 35-55 години;
-4-та категорија за возрасна група од 55 + години;

Котизација

Котизацијата за Гевгелискиот Велотлон изнесува 600,00 денари;

Стартен пакет

Стартниот пакет вклучува:
-Стартен број;
-Маичка со лого Гевгелиски Велотлон 2025;
-Ладен сендвич;
-Кроасан;
-Освежителен напиток;
-Финишер медал (дрвен);
-Резултати можност за Download од страната www.amdgevgelija.mk
-Фотографии можност за Download од страната www.amdgevgelija.mk

Откажување од учество на натпреварот

Учесникот може да се откаже од учество во натпреварот и нема обврска за тоа да го извести организаторот.

Во случај на откажување или неможност за учество на натпреварот заради непредвидени околности, организаторот нема обврска да го врати уплатениот износ за котизација.

Одложување или неодржување на натпреварот

Организаторот може да го одложи одржувањето на натпреварот поради непредвидени околности или околности на виша сила.

За одложување на натпреварот организаторот ги известува пријавените учесници.

За датумот на презакажување на одржување на натпреварот организаторот ги известува пријавените учесници.

Во случај неодржување на натпреварот по неговото одложување организаторот е во обврска да ги врати уплатените пари од котизацијата на пријавените учесници.

Податоци за патеката

Вкупната должина на патеката изнсува 5600 метри од кои:
-Велосипедска патека 4160 метри во прва фаза;
-Патека за трчање 110 метри во прва фаза;
-Патеката со препреки 80 метри;
-Патека за трчање 770 метри во втора фаза;
-Велосипедска патека 480 метри во втора фаза;

Висинската разлика на патеката е 45 метри и се движи во распон од 84 до 129 метри а надморската висина а стартот и целта се на надморска висина од 86 метри.

Широчината на патеката изнесува од минимум 1,5 до максимални 4 метри;

Тлото на патеката е претежно тврдо, на одредени места има ситни остри камења, на одредени делови има обраснато ниска трева со трнливи елементи, а на одредени делови и иглици од иглолисна шума.

Препреки

По патеката се поставени препреки кои учесникот ги совладува: вертикална скала, греда за рамнотежа, мајмунска решетка, горе-доле, цик-цак и прескок преку пречка. За секоја од препреките учесникот може да добие негативни поени во зависност од тоа дали неправилно ја совладал или воопшто не ја совладал препреката.

Контролни точки

По должината на патеката има контролни точки на кои има распоредено контролори кои го бележат поминувањето на натпреварувачите на контролните точки, и по потреба координираат со жири комисијата и медицинските екипи.

Одбележување на патеката

Патеката по целата нејзина должина од десната страна е одбележана со црвено бела лента освен во деловите каде правецот на патеката е јасен и недвосмислен и неможе да го доведе натпреварувачот во заблуда за правецот на движење по патеката.

По должина на патеката на дрвјата покрај патеката се поставени знаци со димензија 20x15 сантиметри со насока на движење на кои пишува Велосипедска OFF ROAD патека, на одредени места по должината на патеката се поставени знаци за контролни точки како и знаци за известување.

На знакот за контролна точка покрај редниот бројот на контролната точка содржи и информација за поминатата метража од стартот до конкретната контролна точка.

Во делот на патеката за препреки е поставена една главна табла на стартот на патеката со препреки со упатсво за совладување на препреките.

Предстартен простор

Предстартниот простор е ограден, има место за паркирање на велосипедите, техничка верификација, место за жири комисијата, медицинската екипа, просторот содржи пулт со питка вода, подвижни санитарии, корпи/контејнер за отпадоци и слично.

Определување на редослед на стартни броеви

Редоследот на стартните броеви се определува по пријавата за учество.

Техничка верификација

Утврдување на идентитетот на учесникот, задолжување со стартен број, контрола на задолжителнаа и препорачаната опрема и велосипедот се врши од страна на член/членови на жири комисијата во предстартниот простор најмалку 1 час пред стратот на натпреварувачот.

Опрема на учесникот/натпреварувачот

Секој натпреварувач задолжително треба да поседува кацига, а препорачливо е да поседува штитници за нозе и раце.

Натпреварувачот кој нема да поседува кацига нема да може да учествува на натпреварот.

Опрема за велосипедот

Се препорачува учесниците на натпреварот да ги опремат своите велосипеди со гуми за возење по Off road патека, гумите да бидат tubuless со течност за автоматско лепење на гумата во случај на дупнување на гумата.

Медицинско обезбедување

Организаторот обезбедува поддршка на натпреварот со медицинска екипа составени од Доктор, медицинска сестра и возач со возило распоредени на стартно целната рамнина, како и две теренски возила распоредени по должината на патеката.

Осигурување на натпреварот

Секој учесник на натпреварот кој учествува на доброволна основа е одговорен за својата безбедност за што е препорачливо да има осигурување од повреди.

Одржување на натпреварот

Натпреварот се одржува во два дена, сабота слободен тренинг и недела ден за натпревар:

Слободен тренинг

Ден пред одржување на натпреварот секој пријавен учесник на натпреварот може факултативно да се запознае со велосипедската Off road патека, препреките и патеката за трчање.

Слободниот тренинг е на 17.05.2025 година, сабота и започнува во 11 часот и трае до 15 часот.

Ден на натпреварот

Натпреварот ќе се оддржи на ден 18.05.2025 година недела. Натпреварот без отстапки започнува во точно определено време односно во 11 часот заради начинот на мерење на времето на секој учесник во натпреварот. Натпреварувачкиот дел завршува со поминување на целта на последниот пријавен натпреварувач.

Старт и мерење на време

Секој натпреварувач треба да биде присутен во предстартниот простор најмалку 60 минути пред официјалниот старт на натпреварот во 11 часот заради техничка верификација и подигање на предстартен пакет, а 15 минути пред стартот во времето определено за негов старт.

Натпреварувачот кој во моментот за негов старт нема да се појави на стартот, а се појави подоцна ќе стартува откога ќе стартуваат сите пријавени натпреварувачи.

Стартот на натпреварот е во 11 часот кога и стартува натпреварувачот со реден број 1.

Секој следен натпреварувач во зависност од бројот на пријавени учесници се стартува во интервал од 120, 150 или 180 секунди за што одлучува организаторот на натпреварот.

На стартот натпреварувачите се поставуваат на растојание од последователно еден позади друг со растојание помеѓу секој натпреварувач од најмалку 1 метар а стартуваат на знак на судијата стартер.

Мерењето на времето завршува за секој натпреварувач со поминување преку целтта.

Натпреварувачки Бон-тон

Натпреварувачот кој му се приближил на натпреварувачот кој стартувал пред него и кој е спор, а смета дека е побрз од него го повикува да го пропушти за да не го задржува.

Поспориот натпреварувач го пропушта и не го задржува побрзиот натпреварувач.

Бодирање

Бодирањето се врши на начин што за секој натпреварувач на времето поминато за совладување на вкупната должина на патеката се додаваат евентуалните негативни поени од совладувањето на препреките.

Натпреварувачот со најмалку вкупни бодови е победник на натпреварот.

Негативни поени

Негативните поени од препреките се определуваат во секунди на следниот начин:

Опис на препрека	Начин на совладување	Негативни поени за неправилно совладана препрека	Негативни поени за несовладана препрека
Вертикална скала	Натпреварувачот се искачува до врвот на скалата се префрла на другата скала и се симнува по скалата	15	30
Цик Цак	Натпреварувачот со цик-цак трчање ја совладува препреката	10	20
Греда за рамнотежа	Натпреварувачот се искачува по косата греда и оди по хоризонталната греда одржувајќи рамнотежа	15	30
Мајмунска решетка	Натпреварувачот поминува помеѓу вертикалните греди се поткачува на препреката и со рацете висејќи наизменично се префрла од една шипка кон друга од препреката излегува помеѓу вертикалните греди	15	30
Горе -доле	Натпреварувачот ја прескокнува повисоката греда а се протнува под пониската греда	15	30
Прескок преку пречка	Натпреварувачот со трчање ги прескокнува пречките	10	20

За неправилно совладување на препреката ќе се смета совладување на препреката надвор од упатството за совладување на препреката, делумно совладување на препреката или неправилности при совладување на препреката.

За несовладана препрека ќе се смета целосно заобиколување на препреката.

Дискфалификација

Натпреварувачот пријавен на натпреварот ќе биде дискфалификуван во следните случаи:

-Доколку при совладување на велосипедската патека ја скрати патеката или не помине низ определените контролни точки;
-Доколку од било која причина не го заврши натпреварот;

Резултати

Секој учесник се рангира според постигнатите резултати во старосната категоријата во која се натпреварува.

Начин на комуникација

Организаторот со сите субјекти вклучени во организацијата на Велотлонот комуницира преку мобилен телефон и специјално за настанот креирана Viber група. Секој субјект вклучен во организацијата има список на броеви на мобилни телефони на сите учесници во организацијата.

Обележаност на официјалните лица на натпреварот

Официјалните лица на натпреварот, членови на жирито, судии, редари, и слично се одбележани со соодветни флуоресцентни елеци со соодветен натпис Гевгелиски Велотлон Организатор.

Обележаност на натпреварувачите

Секој натпреварувач се обележува со стартен број кој се закачува со 4 безопасни игли на предниот дел од маицата или дресот на натпреварувачот. Стартниот број е со димензија 200x140 мм;

Награден фонд

Вкупниот награден фонд изнесува 51.000,00 денари од кои 3000,00 денари за апсолутниот победник на натпреварот а 48.000,00 денари се распределуваат за учесниците од 2-ра и 3-та категорија посебно за мажи посебно за жени во следниот износ;
-Прво место 5.000,00 денари;
-Второ место 4.000,00 денари;
-Трето место 3.000,00 денари;

Исклучок во врска со наградниот фонд

Натпреварувачот од 1-ва категорија може да добие награда од наградниот фонд за 2-ра категорија само доколку постигнал резултат за едно од првите три места во 2-ра категорија;
Натпреварувачот од 4-та категорија може да добие награда од наградниот фонд за 3-та категорија само доколку постигнал резултат за едно од првите три места во 3-та категорија;

Трофеј

Натпреварувачите кои постигнале најдобро време во 1-вата и 4-тата категорија, и натпреварувачите кои освоиле 1-во, 2-ро и 3-то место во 2-ра и 3-та категорија добиваат Трофеи.
Посебен трофеј добива и апсолутниот победник на натпреварот.

Признанија

Организаторот доделува признанија за:
-Најмлад учесник на натпреварот;
-Најмлада учесничка на натпреварот;
-Најстар учесник на натпреварот;
-Најстара учесничка на натпреварот;

Протокол

Сабота 17.05.2025 година

11:00-16:00 Слободен тренинг;

Недала 18.05.2025 година

09:00-10:30 Потврда за учество, техничка верификација, задолжување на стартен број;

10:30-10:40 Интонирање на Македонската химна, поздравен говор/отварање на натпреварот;
11:00 Старт на натпреварот;

Траење на натпреварот во зависност од бројот на учесници и интервалот на стартување :

-До 60 учесници интервал за стартување на 3 мин-траење на натпреварот од 11-14:00 часот;
-До 80 учесници интервал за стартување на 2,5 мин-траење на натпреварот од 11-14:20 часот;
-До 100 учесници интервал за стартување на 2 мин-траење на натпреварот од 11-14:20 часот;

Прогласување на победници

Прогласување на победници 30 минути после влегување во целта на последниот натпреварувач/завршеток на натпреварот;

Забелешка:

Организаторот го задржува правото да врши измена на овој Правилник. Измената на Правилникот организаторот ја објавува на својата WEB страна www.amdgevgelija.mk и на својот FB профил **amdgevgelija**

Гевгелиски Велотлон 2025
Организатор
АМД Дичо Панов Гевгелија
АМД Гевгелија ДОО Гевгелија